**ЗАПИСНИК**
**од 41-та седница на Советот на Агенцијата за аудио**
**и аудиовизуелни медиумски услуги**
**одржана на 08.10.2018 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААВМУ, д-р Милаим Фетаи заменик на претседателот на Советот на АААВМУ, м-р Алма Машовиќ,, м-р Методија Јанчески, Лазар Трајчев и Селвер Ајдини.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата:** Зоран Фиданоски (оправдано отсутен).

**На седницата беше присутен д-р Зоран Трајчевски директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба:** м-р Драгица Љубевска, Маја Дамевска, м-р Магдалена Д.Довлева и д-р Ивана Стојановска.

**Други присутни:** Мелихате Рустеми Алсат ТВ.

Г-дин Петрушевски ја отвори 41-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 15:00 часот и се одржа во просториите на Агенцијата.

Г-дин Петрушевски во врска со присуството на членовите на Советот, информира дека отсутен е г-дин Фиданоски кој минатата седница најавил дека во овој период ќе биде на службено патување преку АААВМУ.

Советот на Агенцијата едногласно, со 6 гласа „за“ го усвои следниот:

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Усвојување на предлог-записник од 40-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 03.10.2018 година.
2. Предлог-информација до органот надлежен за авторските права и сродните права, поради сомневање дека е сторена повреда.
3. Предлог-решение за запирање на постапката за утврдување на постоење недозволена медиумска концентрација по службена должност кај ТРД Вижн БМ-ТВ КАНАЛ ВИЗИЈА ДОО Прилеп.
4. Разно.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа предложениот записник од 40-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 03.10.2018 година.

Г-дин Трајчев имаше забелешка на содржината која се наоѓаше на страна 9 од вкупниот материјал односно на страна 8 на крајот од Записникот. Објасни дека под Точката Разно членовите на Светот имале дискусија при што констатирале дека формално-правно Советот може да го промени Упатството за медиумско претставување за време на референдум во текот на траење на постапката и дека понатаму тоа е надлежност на директорот на Агенцијата. Исто така, претседателот на Советот г-дин Петрушевски кажал дека Советот носи само мислење или став што нема правно дејство кон директорот или кон Стручната служба, а тоа е наведено во неговата дискусија на страна 6 од Записникот. Но во заклучокот кога го донел Советот бидејќи тој се стави на гласање, тоа не е потенцирано. Според негово мислење, рече дека делот - Советот носи само мислење или став што нема правно дејство кон директорот или кон Стручната служба, треба да стои во заклучокот или да се стави како посебен дел.

Г-дин Петрушевски побара од г-дин Трајчев точно да наведе на која страна предлага тој дел да се стави?

Г-дин Трајчев рече дека на стана 8 од Записникот односно страна 9 од вкупниот материјал, заклучокот за заземање на став треба да се допрецизира со тоа што претходно во дискусијата се кажа, и тоа исто така е став на г-дин Петрушевски кој го има на страна 6 од Записникот, и би било продолжеток на реченицата дека тоа е само мислење на Советот што нема правно дејство кон директорот или кон Стручната служба.

Г-дин Петрушевски рече дека тоа беше дел од неговата дискусија, но кога конкретно гласале тој го поставил заклучокот дали Советот е за тоа да не се преземат мерки. Главната поента беше Советот да го поддржи директорот со став дека му препорачува или има мислење дека директорот не треба да преземе мерки за наведените радиодифузери.

Г-дин Трајчев додаде дека тој став не го обврзува директорот односно нема правно дејство.

Г-дин Петрушевски рече кога заклучокот го читал пред да го стави на гласање, го кажал само тој дел што е во Записникот. И од таа причина службата така го има запишано.

Г-дин Трајчев рече дека треба убаво да се провери.

Г-дин Петрушевски предложи во тој случај Предлог-записникот од 40-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 03.10.2018 година да се одложи, уште еднаш сите убаво да го прочитаат и да проверат, и доколку секој од членовите има потреба, да им се испрати тонската снимка од седницата. Одложувањето да биде до следната седница.

**Точка 2**

Раководителката на Секторот за стратешко планирање и авторски права м-р Магдалена Давидовска Довлева ја образложи предложената информација до органот надлежен за авторските права и сродните права, поради сомневање дека е сторена нивна повреда. Објасни дека на 3 октомври 2018 годна Македонски Телеком АД-Скопје со допис ја извести Агенцијата дека операторот Друштво за телекомуникациски инженеринг, софтвер, трговија и услуги МУЛТИМЕДИА - НЕТ ДОО Скопје нелегално реемитува програмски сервиси на кои се емитуваат натпревари од УЕФА Лига Шампиони и УЕФА Лига Европа, а за кои содржини Македонски Телеком ги има ексклузивните права за територијата на Република Македонија. Воедно побара од Агенцијата да постапи согласно нејзините законски надлежности и да изврши вонреден надзор на предметниот оператор на јавна електронска комуникациска мрежа. Истиот ден беше извршен вонреден програмски надзор во Куманово каде што овој оператор ја врши дејноста и притоа беше констатирано дека тој реемитува програмски сервиси коишто не се регистрирани во Агенцијата, спротивно на член 141 од ЗААВМУ. Станувaше збор за вкупно 31 програмски сервиси и согласно ЗААВМУ, Агенцијата за овој вид прекршување му изрече мерка опомена и му наложи веднаш по приемот на решението да ги исклучи програмските сервиси. Со надзорот беа потврдени и сомневањата изнесени во дописот од Македонски Телеком, односно беше потврдено дека на 6 од нерегистрираните програмски сервиси во „живо“ се емитуваат натпреварите на УЕФА Лига Шампиони. Поради тоа што се јави сомнеж за уреденост на правата и за останатите 25 програмски сервиси реемитувани при надзорот, Агенцијата се обрати до застапникот на правата за склучување на Договори за реемитување на овие програмски сервиси на територијата на Република Македонија и оттаму Агенцијата доби известување дека операторот МУЛТИМЕДИА - НЕТ ДОО Скопје нема права да ги реемитува ниту овие 25 програмски сервиси. Поради тоа предлогот е согласно надлежноста на Советот утврдена во член 18 став 1 точка 7 од ЗААВМУ, до Министерството за внатрешни работи на Република Македонија - Центар за сузбивање на организиран и сериозен криминал да се достави информација дека постои сомневање за повреда на авторските права и сродните права од страна на операторот на јавна електронска комуникациска мрежа Друштво за телекомуникациски инженеринг, софтвер, трговија и услуги МУЛТИМЕДИА - НЕТ ДОО Скопје.

Г-дин Петрушевски рече дека ова претставува сериозен прекршок и дека Советот без дилеми ќе го прифати предлогот и ќе го информира МВР односно Центарот за сузбивање на организиран и сериозен криминал. Ова е недозволиво и се надева дека тие понатаму ќе ги преземат потребните мерки.

Советот на Агенцијата ја усвои предложената информација и предлогот бр.11-4399/1 од 05.10.2018 година од м-р Драгица Љубевска, овластено лице од д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, согласно Овластувањето бр.03-4304/1 од 01.10.2018 година и едногласно донесе заклучок да го информира Министерството за внатрешни работи на Република Македонија - Центар за сузбивање на организиран и сериозен криминал, дека постои сомневање за повреда на авторските права и сродните права од страна на операторот на јавна електронска комуникациска мрежа Друштво за телекомуникациски инженеринг, софтвер, трговија и услуги МУЛТИМЕДИА - НЕТ ДОО Скопје.

Се задолжи Секторот за стратешко планирање и авторски права да ја достави информацијата до Министерството за внатрешни работи на Република Македонија - Центар за сузбивање на организиран и сериозен криминал.

**Точка 3**

Раководителката на Секторот за стратешко планирање и авторски права м-р Магдалена Давидовска Довлева го образложи Предлог-решението за запирање на постапката за утврдување на постоење недозволена медиумска концентрација по службена должност кај ТРД Вижн БМ-ТВ КАНАЛ ВИЗИЈА ДОО Прилеп. Објасни дека постапката беше покрената на 31-та седница одржана на 20 јули оваа година, поради тоа што физичкото лице, кое е единствен основач и управител на Друштвото за трговија и услуги ФИНИНВЕСТ КОМПАНИ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, кое пак се јавува како основач на ТРД Вижн БМ-ТВ КАНАЛ ВИЗИЈА ДОО Прилеп, се јавуваше истовремено како основач на Друштвото за продукција, маркетинг и услуги АРТ КОМУНИКЕЈШН ДООЕЛ Прилеп, чија приоритетна дејност/главна приходна шифра е 59.11 – Дејности на производство на филмови, видеофилмови и телевизиска програма, што е спротивно на член 39 став 1 алинеи 1 и 5, член 36 и член 37 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Веднаш откога беше поведена постапката согласно Законот, од радиодифузерот беше побарано да ги достави сите податоци што се од значење за одлучувањето. Тие многу брзо ја известија Агенцијата дека грешката била несвесно направена и дека ќе ги преземат сите мерки за да го отстранат прекршувањето односно дека ќе започнат постапка за ликвидација на Друштвото за продукција, маркетинг и услуги АРТ КОМУНИКЕЈШН ДООЕЛ Прилеп. За секој чекор Агенцијата беше тековно информирана и конечно на 03.10.2018 година доставија документ од Централен регистар дека друштвото е избришано оттаму и веќе не постои. Стручната служба на Агенцијата изврши дополнителна проверка на податоците во Интернет дистрибутивниот систем на Централниот регистар на Република Македонија и утврди дека овој субјект е избришан од Трговскиот регистар и регистарот на други правни лица.

Г-дин Петрушевски потсети дека членовите на Советот ја имаа вкупната документација за точката во материјалите и притоа го слушнале и образложението од раководителката Давидовска Довлева. Рече дека состојбата е јасна, добро е што ова се реши согласно Законот. Пред да донесат одлука дали го прифаќаат предлогот отвори дискусија во насока дали некој сака да коментира или дополнително да постави прашање.

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот бр.08-390 од 05.10.2018 година од м-р Драгица Љубевска, овластено лице од д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, согласно Овластувањето бр.03-4304/1 од 01.10.2018 година и едногласно донесе решение за запирање на постапката за утврдување на постоење на недозволена медиумска концентрација по службена должност кај Трговското радиодифузно друштво Вижн БМ-ТВ КАНАЛ ВИЗИЈА ДОО Прилеп, со текст како што беше предложено.

Се задолжи Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**Точка 4**

**Разно**

Немаше точки под Разно.

**Бр. 02-4388/4**
**17.10 2018 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**